Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 154/2024
27.12.2024 год.
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И АКЦИСКИ ПЛАН (2023-2026)

# ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ

*Клучни подрачја и цели*

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје ги има лоцирано следниве клучни подрачја за развој на Институцијата:

- Научно истражувачка работа
- Високообразовна дејност
- Интернационализација и меѓународно вмрежување

Во првото клучно подрачје Научно истражувачка работа ги имаме детектирано следните клучни цели:

- Унапредување на научно-истражувачката дејност
- Зголемување на научно- истражувачката продуктивност и квалитет
- Зголемување на видливоста на научно-истражувачката дејност на Институтот

Во второто клучно подрачје Високообразовна дејност ги имаме детектирано следните клучни цели:

- Унапредување на квалитетот на наставата
- Подобрување на условите за студирање
- Дигитална трансформација

Во третото клучно подрачје Интернационализација и меѓународно вмрежување ги имаме детектирано следните клучни цели:

- Зголемување на учеството на научни-истражувачкиот кадар во меѓународни истражувачки проекти и иницијативи

- Интернационализација преку вмрежување со универзитети и високообразовни институции преку користење на Еразмус плус шемите за мобилност на академскиот кадар и студентите
- Трансфер на технологии

**Прв дел: План за работа во делот на научни-истражувачката работа на Институтот**

# А. Фундаментални истражувања

I.

Институтот е активен на полето на фундаменталните истражувања од подрачјата на општествените и хуманистички истражувања, и во периодот на 2023-2026 година има за цел да се насочи кон продлабочувањето интердисциплинарните врски помеѓу општествените и хуманистички науки и природните и егзактни (STEM) науки

- Епистемолошки студии посветени на проблемот на формализација на аргументацијата во хуманистичките науки, особено во филозофијата на науката, социологијата на научната и технолошка општествена промена, политичката и економска теорија на субјективитетот и социјалните права во ерата во забрзан технолошки развој и автоматизиран труд. Во овој дел, Институтот комплетира второ меѓународно истражување од областа и со оглед на позитивниот одек во академската заедница на ниво на Европа и САД со кои е вмрежен, се покажува потреба да се продлабочува овој тип на фундаментални истражувања со цел еден ден да се дојде и до решенија на нивна практична примена. Иако е тешко да се замисли формализација на споделен јазик од хуманистичките и општествените науки од една страна, и егзактните и природни науки (и полето на LIVE науките како дел од STEM), фактот дека во 2023 мобилизиравме врвни светски имиња од Европа и САД за COST апликација под наше водство е знак дека овој смел теориски експеримент има подлога и Институтот одлучи доколку не добие COST поддршка да продолжи да ја развива оваа мрежа и идеја преку уште една COST апликација и Horizon Europe. Научните кадри е потребно да се обучат за програмирање во Python што овозможува доволно ниво на формализирана комуникација и продлабочување на SSH (social sciences and humanities) и STEM

науките, како и STEAM и LIVE. Во рамки на мрежата на четири универзитети во која учествува Институтот, School of Materialist Research, ќе се работи на симпозиуми на токму оваа проблематика и отаде 2026, а и ќе се обезбедат фондови од донатори, првенствено поддршка од Бергруен Институтот Европа. Во оваа смисла ќе се продлабочи врската со Center for Philosophical Technologies на Arizona State University. Проектот во рамки на EIDE конзорциумот за соработка во високото образование поддржан од Еразмус, реализиран под наше водство од четири универзитети, под наслов Innovation-oriented Education in the Era of the 'Twin Transition': Focus on Southeast Europe" беше фокусиран на фундаментални истражувања во првиот дел од своите активности, но во 2024 се фокусира на примена и анализа на пазарот на труд во ера на автоматизирано производство како и одлив на мозоци во ера на дигиталната транзиција и подемот на дигитален труд на далечина. Ова е доказ за иманентната испреплетеност на фундаменталните и применети науки на кои сме и посветени уште од нашата иницијална мисија декларирана во основачките документи.

- Во овој дел на својата работа, Институтот прави пробив во развојот на самите подрачја во кои е активен со своите фундаментални истражувања (кои постојано креираат мостови со примената), и со самото тоа и својата меѓународна видливост овозможува промоција на македонската наука на европски и светски план.

II.

Институтот е посветен на фундаментални истражувања од политичката филозофија, како и филозофијата на правото, социологијата и родовите студии, студиите на политики кои се по дефиниција применети студии но поседуваат свои сопствени елементи на фундаментални истражувања, а во периодот на следните три години ќе се посвети особено на компаративните истражувања на правните системи, управните системи и родовите студии во контекст на кризата на постструктурализмот. За оваа цел научниот кадар ќе се насочи да приредува специјални броеви на меѓународни журнали, како на пример Technophany, Teechniques, Ангелаки и други, но првенствено на платформите овозможени од Европската комисија и нејзините програми кои овозможуваат потполн отворен пристап, но и оние во САД, каде веќе издадовме open access приреден зборник од областа на фундаменталните студии на илиберализмот во George Washington University: Institute for European and Eurasian studies (link: "Illiberal Democracies" in Europe: An Authoritarian Response to the Crisis of

Illiberalism (Edited by Katerina Kolozova and Niccolò Milanese, 2023). Во оваа смисла во следните три години треба да се продлабочи соработката со овој универзитет и истражувачка програма и да се овозможат визитинг соработки, како и идни студии и публикации од областа на фундаменталните истражувања на политичката филозофија, филозофија на право, политички науки и нивните форми на интердисциплинарни студии со димензија на применети науки како мулти-проблемски студии на политики, што е, впрочем, главното поле на истражувачка работа .

- Како одговор на новите долгорочни приоритети на новата Европската истражувачка област 2030 (New ERA 2030), односно сообразувајќи се со новите научно-истражувачки и високообразовни цели на Европа во контекст на „двојната транзиција" (дигитална и зелена), Институтот се фокусира на фундаментални истражувања во областа на образовните науки (educational studies) како интердисциплинарно подрачје кои се на границите на применетата наука: образование во ерата на дигитализација и нови инфраструктурни/институционални форми на образование кои ги препорачува Европскиот парламент и неговите тела, адаптирани за новата ера на технолошки развој до автоматизација на трудот и процутот на работа на далечина, а тие форми се микро-колеџи, напредни научни центри со истражувачки фокус во областа на технолошките иновации во секое поле на општествено-економска активност (од производство на храна до култура – ние како институт за политики, се интересираме за институционално-инфраструктурните алтернативни форми кои може секое научно подрачје и област да го искористи, откако ќе ја докажеме неговата применливост во рамки на студија која граничи со применетите студии), фундаментални истражувања со нивна применливост на ум во областа на културни студии и креативни индустрии, и секако, како и до сега, во соработка со Шведскиот институт за наука работа на програмата „Премин од теорија во пракса и назад од областа на родовите студии."
- Научно наставниот кадар се охрабрува наместо само статии во стручни списанија и приредени зборници, да настојува да издава и монографии, особено во делот на хуманистичките фундаментални науки бидејќи оваа долга форма е најсоодветна за истражувања кои треба да направат пробив во самото поле на истражување како што е филозофија на право, политичка филозофија, политички науки, правна теорија на политички систем и слично.

# В. Применети истражувања

I.

Согласни со дефиницијата на разликите и сличностите, одвоеноста и поврзаноста на фундаменталните и применетите научни истражувања дадена од Националниот совет за наука на Република Северна Македонија, според која теоретизирањето и апстрактната научна идеја *може* да имаат (но не и нужно да ја имаат) предвид некоја идна примена на истражувањето, или пак таа независно да произлезе од претходни фундаментални истражувања – но и обратно, некогаш применетата анализа на одредена теорија прави пробив и тектонски поместувања во самата фундаментална наука со која е поврзана - Институтот својата мисија истакната уште при основањето ја сведува на мотото: работиме само теорија која антиципира можна примена во пракса но и практична анализа (особено анализа на политики) која може и мора да произведе нови теориски модели на интерпретација.

II.

Сепак, практичните и применети студии кои ги работиме во својата форма се разликуваат од фундаменталните, а проблематиките на кои се посветуваме во наредните три години се следниве:

- Анализи од областа на Кластер 3 реформите на ЕУ пристапување кои ги вплетуваат во нераскинлива врска научната иновација и технолошкиот развој како острица на планетарен економски и геополитички натпревар на континентот и со тоа на земјата (ова е парафраза на документите на Европската комисија за новата планетарна геополитика како прашање на технолошко-економски натпревар). Институтот веќе работи на пет студии од оваа област од кои три се веќе во подготовка за публикување. Потребно е да се продлабочи работата на оваа проблематика и да се анализираат политики на институциите и да се дадат препораки за нивна адаптација на забрзаните промени во дигиталната економска реалност, особено во контекст на Кластер 3 реформите: до 2026 најмалку 10 вакви применети анализи е потребно да се произведат и исто така и јавно да се презентираат.
- Студии на култура апплицирани на развојни планови на креативни индустрии кои овозможуваат високата култура да има своја економски одржлива логика, како и да се приближи до вештините и културата на претприемништво иманентно

врзани со технолошки развој, од digital humanities – кои се веќе деценија стара идеја – до AI поддршка во музејските посети (кои може да бидат и онлајн) и занаетчиството и рачната изработка како област на плодна индустрија на дигитална трговија на далечина која е истовремено и промоција на нашето етнографско и етнолошко културно богатство, како на македонската, така и на другите заедници во државата. Во овој дел, Институтот нуди применети студии со развојни планови и консултантства (вклучувајќи и програмски физибилити студии), и тоа како на националните институции така и на ЕУ и ЕК телата и меѓународните организации активни во земјата. Институтот ова веќе го има работено, но во наредните 3 години има за цел да се фокусира првенствено на модели на промена во овие подрачја, и да ги предлага и застапува пред институциите доколку има обезбедено грант, или пак да нуди консултантска анализа во истите области, како и сродните проблематики кои произлегуваат и од визијата за фундаменталните студии (на пример, демократија и социјална правда во контекст на дигитализирани институции и автоматизиран труд).

- Во наредните три години Институтот ќе ги продлабочи механизмите на обезбедување квалитет во своите основни активности од областа на применетите науки кои се состојат од повеќе-тематски или мулти-проблемски анализи од областа на студиите на политики, родовите студии и студиите на култура, како и тренинзи токму на тема „од теорија до пракса" односно развој на анализи и предлог-политики, кои се главната активност на Институтот за пролет и лето 2025 што ја изведува со Шведскиот институт за наука и е наменета за млади практичари и истражувачи од областа на родова еднаквост на Западниот Балкан.
- Видливоста на резултатите од анализите на политиките и нивното ставање во функција на позитивна општествена промена се, исто така, една од основните активности на Институтот: застапувањето и кампањите на подигање свест се неизоставен дел од секоја анализа на политиките спроведувана во Институтот. Во голем дел од нашата активност дејствуваме како тинк-тенк од подрачјето на повеќе-тематските студии на политиките. Со воспоставувањето на Мрежата за длабински применети анализи во Југоисточна Европа чиј иницијатор е Институтот, а потписнички се Panteion University Athens, Univerzitet Rijeka, Institut za drustvenu teoriju I filozofiju – Beograd (Универзитет на Белград), Фондација за хуманистика – Софија, European Alternatives Think Tank (Paris-Berlin) формирана на почетокот на 2024, Институтот има намера да го прошири опфатот на своите анализи на политики и нивната видливост, особено во областа на ЕУ

проширувањето и замислите на нови форми на европско интегрирање и градење европски идентитет (отаде, иако не како замена, на процесите на проширување).

- Мониторинг на медиумите од аспект на род, култура на што работи Институт уште од 2012 на покана на АВМУ или преку ИПА проекти, а во наредниот период треба да се фокусира и на мониторинг на медиумите на регионално ниво, првенствено на темата ЕУ интеграции за што е потребно да се воспостави соработка со Институтот за стратешки дијалог (Лондон/Берлин) и Жак Делор (Париз-Берлин).

# С. Програмска заложба за периодот 2023-2026, како рефлексија на мисијата на Институтот

Основната дејност на Институтот се состои од спроведување применети истражувања од областите на општествените науки и хуманистиката, засновани на длабински анализи во делот на фундаменталните истражувања. Наше основно поле е интердисциплинарната област на студиите на политики (policy studies), кое само по себе, иако подразбира фундаментална наука, е насочено кон примена и анализа на примените на теориските концепции. Посветени сме на тоа низ нашата работа да покажеме дека дихотомијата помеѓу теоријата (доменот на фундаменталните истражувања) и праксата односно применетата анализа може и треба лесно да се премостува, особено доколку особината што ја определува работата е научната ригорозност и методолошката доследност како во делот на теоријата и концептуалниот експеримент така и во примената односно анализата и планот на примена. Уверени сме дека политичката и општествена теорија мора да биде поткрепена и оправдана со податоци но, исто така, и применлива. Затоа, политичките науки и студиите на политики, општествената теорија и теориските опити во хуманистиката со кои се зафаќаме мора секогаш да бидат преобразени во студии на политики адаптирани на темата/проблематиката со кои се занимаваат. Според филозофијата на работа на Институтот, односно нашиот епистемолошки најмал заеднички содржател, студиите на политики, пак, од своја страна, треба да служат како за конкретната цел за која се креирани така и како појдовна точка во градењето нови теории, и тоа следејќи ја патеката: од конкретното кон апстрактното. Праксата и применливоста ја оправдуваат теоријата, а не обратно.

Пост-пандемиската ера во Европа ги забрза процесите на нејзина реконцептуализација на поимите на демократија, вклученост, општествено-економски развој и на нејзините темелни вредности и принципи во согласност со таканаречената „двојна транзиција," дигиталната и зелената. Европа, не сведувајќи ја исклучиво на Европската Унија, во центарот на своите напори за сеопшто закрепнување го стави потполното преосмислување на образовниот и истражувачки инфраструктурен и човечки потенцијал како главен двигател на економската и општествена одржливост но и напредок. Според речиси сите стратешки документи на ЕУ кои го обележуваат влезот во третата деценија на веков, поимите на демократија, општествена вклученост и економска добросостојба како и процесите на ЕУ интеграција мора радикално да се преобмислат сообразени со контекстот на „двојната транзиција." Образованието и науката (или иновацијата) не се само обични аспекти на споменатите стратегии туку нивната срцевина. ИОХН-С се заложува да се зафати со длабинска анализа на овие процеси разбрани како органска целина. но и со активно застапување и преобликување на својата образовна програма.

Мотото на Институтот „тројното А" (анализа, advocacy како застапување, академија) е редефинирано во согласност со процесите опишани во ова Дополнение на програмската заложба. Па така, „тројното А" е дополнето со „тројно Д" (со поимите на англиски):

– (Democracy) Демократија сообразена со европската „двојна транзиција";

– (Digitalization) Дигитализација на образованието, економијата и владеењето;

– (Development) Развој по пат на иновација и општествена трансформација.

# D. Истражувања на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје: национална, регионална и меѓународна димензија на планот за научно истражувачка работа за периодот до 2026

## D. Прв дел

Целта на „Институтот за општествени и хуманистички науки- Скопје" не е само да придонесе за подобро разбирање на македонското, европското и глобалното општество туку и на истражувачките полиња во кои што е активен. Неговата долгорочна цел е да даде видливост на истражувачките процеси кои се одвиваат во рамки на сопствениот институционален како и поширокиот контекст на С. Македонија на меѓународната сцена, за што се користи со алатките на модерната технологија потпомогнат со неформални меѓу-универзитетски платформи во кои учествува како на пример School of Materialist Research (SMR) основан од Arizona State University, Eindhoven Academy of Design, Technical University of Vienna и Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје.

- Потребно е да се зголемат напорите за смели и оригинални фундаментални и применети истражувања, особено во правец на длабоката интеграција со егзактните и природните науки, и за таа цел да се организира жива и постојана активност на интернет (онлајн симпозиуми и семинари), но и во живо како летни школи кои постои можност да се организираат во соработка со CPT-Arizona State University, Бергруен Инстиутот Европа (Венеција), како и со придонес во кадар и содржина од Голдсмитс Универзитетот од Велика Британија. Во период 2023-2026 Институтот активно ќе работи на ова.

- Да го зголеми бројот на open access бази во кој е индексиран журналот на Институтот, Идентитети, и покрај EBSCO, CEEOL, DOAJ да се обиде со повторна апликација во Open Humanities како најпрестижна база но која претпоставува потполно бесплатен пристап.

- Иако Институтот и неговиот стручен журнал промовираат отворен пристап, научно-наставниот кадар во смисла на сите носители на научни звања (и нивните наставни еквиваленти) на кои Институтот му е матична установа мора да продолжи со уште позасилена активност на објавување статии индексирани во комерцијалните бази како Scopus, Web of Sciences, и слично.

## D. Втор дел

Во периодот 2023-26, Институтот, кој е првенствено активен во областа на мултуприблемските студии на политики, во својата работа на применети студии, треба уште потесно да се сообрази со европските приоритети, оние на ERA 2030 одразени и во приоритетите на стратешките документи на ЕНЕА како и во Еразмус програмите за поддршка во кои се промовира длабинската интердисциплинарна врска меѓу општествено-хуманистичките и STE(A)M науки со цел да се постигне економска компетитивност на континентот по пат на научна иновација но и дигитална демократија и иновативно образование базирано на истражувачки процес како наставен стил или нова методика,

– (а) да произведе убедлива интерпретација на општеството (во неговата културно-политичка и родова комплексност), засновани на цврста аргументација, емпириски убедливо потврдена, врз чија што основа

– (б) креирање на политички решенија за овозможување и унапредување на институционални и културни трансформации во насока на инклузивно општество, засновано на социјална правда.

– Предизвикот да се толкуваат конкретните општествени реалности и да се пронаоѓаат веродостојни и изводливи решенија во делот на политиките (policy) во соодност со дадената реалност е дополнителен предизвик за тестирање на теоретската значајност на концептите или на концептуалната апарати употребувани при социолошките и хуманистичките истражувања (како подрачја а не само во македонски контекст). Со други зборови, применетите истражувања имаат засебна цел на концептуална иновација служејќи како провокација за проверка на големите идеи кои имаат статус на силен авторитет во академијата.

- Институтот ќе продолжи со публикувања на применети студии (анализи, полиси брифови, полиси извештаи и слично) како на својот сајт, така и со индексирање во Централно и источноевропската база на публикации која има своја посебна категорија за применети студии (gray literature, од полиси мемоа и длабински студии до колумни)

# ВТОР ДЕЛ ПЛАН ЗА РАБОТА ВО ДЕЛОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје (ИОХН-С) е непрофитна истражувачка организација за применети општествени и хуманистички науки посветена на повеќе-тематските студии на политиките како и студиите на културата и родови студии како компонента интегрирана во овие две програми. Има статус на научна установа во областите на општествените науки и хуманистиката доделен од Министерството за образование и наука на Република Македонија (Решение за работа бр. 30) Институтот е акредитиран да врши високообразовна дејност на ниво на магистерски студии нудејќи повеќе-тематски студии на политиките, студии на културата, и завршување на студиите на оние запишани на претходно акредитираната програма по родови студии. Институтот поседува Еразмус+ повелба која го прави дел од европските високообразовни установи (2016-2020).

*Цели и заложби за периодот 2023-2026*

Институтот е посветен на долгорочните цели на ЕУ Агендата за модернизација и интернационализација на високото образование, прифаќајќи ги вредностите на Еразмус повелбата за високото образование на Европската унија. Уверени сме дека високото образование треба да му служи на критичкото промислување на општествената и економска стварност и да изумува нови можности и хоризонти по пат на научна, теориска и академска визија. Преобразувачкиот однос кон моментните општествени и економски стварности треба да е втемелен во научна ригорозност, применети истражувања и проверливи податоци. *Со други зборови, научната иновација во општествените и хуманистички науки, која се одвива на ниво на фундаменталните истражувања, и применетите студии насочени кон анализа на политики интегрално се поврзани со високото образование. Ова е филозофијата и клучната усвоена политика на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје кога станува збор за високообразовната дејност што ја врши.*

ИОХН-С поседува ЕРАЗМУС чартер за Европски високообразовни институции (ЕРАЗМУС чартер на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје). Воедно на следниот линк можете да ја погледнете нашата Еразмус изјава: (Изјава ЕРАЗМУС ЧАРТЕР). Исто така, Институтот е член на European Consortium for Humanities Institutes and Centers (European Consortium for Humanities Institutes and Centers).

Институтот е инклузивен во своите политики и силно ги охрабрува апликантите со посебни потреби (односно со физички предизвици). За ова категорија студенти и наставници се обезбедуваат дополнителни просторни услови каде што се вклучуваат во наставата и сите останати студенти од групата (со други зборови, целата група ги користи дополнителните простории, а не само студентите со предизвици).

*Еразмус чартер за Европски високообразовни институции*

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје од 2014 година е носител на Еразмус чартер за Европски високообразовни институции. Институтот во 2021 доби обновена награда на Европската Повелба за Високото образование за квалитет за периодот 2021-2027, и со тоа ја стави на мапата на извонредните европски високообразовни институции со вкупен резултат од 100.00 бодови (при праг од 76 бодови.) Подолу можете да ја прочитате Evaluation Summary, Erasmus Higher Education Charter Award for Quality for 2021-2027, Еразмус повелбата за Високо образование 2021-2027 година, Erasmus Policy Statement ECHE 2021-2027 и Еразмус насоките

Evaluation Summary

Erasmus Higher Education Charter Award for Quality for 2021-2027

Еразмус повелбата за Високо образование 2021-2027 година

Erasmus Policy Statement ECHE 2021-2027

Еразмус насоки

*Меѓународно вмрежување*

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје во своето единаесетгодишно постоење е силно посветен на континуирано вмрежување со високообразовни институции од ЈЕИ, Европа и светот. Во моментот Институтот има потпишано меѓу институционални договори со Централноевропскиот Универзитет (Виена, Австрија), Универзитетот Justactус Либиг (Гисен, Германија), Факултетот за медиуми и комуникација (Белград, Србија), Пантеон универзитетот (Атина, Грција) и Пловдискиот универзитет „Паисиј Хилендарски (Пловдив, Бугарија). Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје има потпишано Меморандуми за соработка со следните институции: Утрехт Универзитетот (Утрехт, Холандија), Школата за економски и регионални студии од Универзитетот Македонија (Солин, Грција), Економскиот институт при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје (Скопје,

Р.Северна Македонија), Универзитетот „Мајка Тереза" – Скопје (Р.Северна Македонија), Фондација за хуманитарни и социјални истражувања – Софија (Софија, Бугарија), European Alternatives (Париз, Франција) и Europa Nova (Париз, Франција). ИОХН-Скопје е полноправен член на Европскиот конзорциум на институти и центри за хуманистика (ECHIC) и глобалниот Конзорциум на центри и институти од областа на хуманистичките науки со седиште во САД (CHCI). Институтот во рамките на програмата Еразмус +. може да испраќа и прима студенти и предавачи до/од повеќе европски универзитети со кои има потпишано меѓу институционален договор. До периодот на 2026 Институтот има во план да се вмрежи по пат на билатерални Еразмус договори со универзитети од Централна Европа (Полска, Унгарија, Словачка), како и да спроведува истражувачки проекти во облик на конзорциуми кои понатаму ќе служат како база за нови научно-истражувачки и образовни проектни апликации.

## ВТОР ДЕЛ ПЛАН ЗА РАБОТА ВО ДЕЛОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје (ИОХН-С) е непрофитна истражувачка организација за применети општествени и хуманистички науки посветена на повеќе-тематските студии на политиките како и студиите на културата и родови студии како компонента интегрирана во овие две програми. Има статус на научна установа во областите на општествените науки и хуманистиката доделен од Министерството за образование и наука на Република Македонија (Решение за работа бр. 30) Институтот е акредитиран да врши високообразовна дејност на ниво на магистерски студии нудејќи повеќе-тематски студии на политиките, студии на културата, и завршување на студиите на оние запишани на претходно акредитираната програма по родови студии. Институтот поседува Еразмус+ повелба која го прави дел од европските високообразовни установи (2016-2020).

*Цели и заложби за периодот 2023-2026*

Институтот е посветен на долгорочните цели на ЕУ Агендата за модернизација и интернационализација на високото образование, прифаќајќи ги вредностите на Еразмус повелбата за високото образование на Европската унија. Уверени сме дека високото образование треба да му служи на критичкото промислување на општествената и економска стварност и да изумува нови можности и хоризонти по пат на научна, теориска и академска визија. Преобразувачкиот однос кон моментните

општествени и економски стварности треба да е втемелен во научна ригорозност, применети истражувања и проверливи податоци. *Со други зборови, научната иновација во општествените и хуманистички науки, која се одвива на ниво на фундаменталните истражувања, и применетите студии насочени кон анализа на политики интегрално се поврзани со високото образование. Ова е филозофијата и клучната усвоена политика на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје кога станува збор за високообразовната дејност што ја врши.*

ИОХН-С поседува ЕРАЗМУС чартер за Европски високообразовни институции (ЕРАЗМУС чартер на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје). Воедно на следниот линк можете да ја погледнете нашата Еразмус изјава: (Изјава ЕРАЗМУС ЧАРТЕР). Исто така, Институтот е член на European Consortium for Humanities Institutes and Centers (European Consortium for Humanities Institutes and Centers).

Институтот е инклузивен во своите политики и силно ги охрабрува апликантите со посебни потреби (односно со физички предизвици). За ова категорија студенти и наставници се обезбедуваат дополнителни просторни услови каде што се вклучуваат во наставата и сите останати студенти од групата (со други зборови, целата група ги користи дополнителните простории, а не само студентите со предизвици).

*Еразмус чартер за Европски високообразовни институции*

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје од 2014 година е носител на Еразмус чартер за Европски високообразовни институции. Институтот во 2021 доби обновена награда на Европската Повелба за Високото образование за квалитет за периодот 2021-2027, и со тоа ја стави на мапата на извонредните европски високообразовни институции со вкупен резултат од 100.00 бодови (при праг од 76 бодови.) Подолу можете да ја прочитате Evaluation Summary, Erasmus Higher Education Charter Award for Quality for 2021-2027, Еразмус повелбата за Високо образование 2021-2027 година, Erasmus Policy Statement ECHE 2021-2027 и Еразмус насоките

Evaluation Summary

Erasmus Higher Education Charter Award for Quality for 2021-2027

Еразмус повелбата за Високо образование 2021-2027 година

Erasmus Policy Statement ECHE 2021-2027

Еразмус насоки

*Меѓународно вмрежување*

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје во своето единаесетгодишно постоење е силно посветен на континуирано вмрежување со високообразовни институции од ЈЕИ, Европа и светот. Во моментот Институтот има потпишано меѓу институционални договори со Централноевропскиот Универзитет (Виена, Австрија), Универзитетот Justастус Либиг (Гисен, Германија), Факултетот за медиуми и комуникација (Белград, Србија), Пантеон универзитетот (Атина, Грција) и Пловдискиот универзитет „Паисиј Хилендарски (Пловдив, Бугарија). Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје има потпишано Меморандуми за соработка со следните институции: Утрехт Универзитетот (Утрехт, Холандија), Школата за економски и регионални студии од Универзитетот Македонија (Солин, Грција), Економскиот институт при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје (Скопје, Р.Северна Македонија), Универзитетот „Мајка Тереза“ – Скопје (Р.Северна Македонија), Фондација за хуманитарни и социјални истражувања – Софија (Софија, Бугарија), European Alternatives (Париз, Франција) и Europa Nova (Париз, Франција). ИОХН-Скопје е полноправен член на Европскиот конзорциум на институти и центри за хуманистика (ECHIC) и глобалниот Конзорциум на центри и институти од областа на хуманистичките науки со седиште во САД (CHCI). Институтот во рамките на програмата Еразмус +. може да испраќа и прима студенти и предавачи до/од повеќе европски универзитети со кои има потпишано меѓу институционален договор. До периодот на 2026 Институтот има во план да се вмрежи по пат на билатерални Еразмус договори со универзитети од Централна Европа (Полска, Унгарија, Словачка), како и да спроведува истражувачки проекти во облик на конзорциуми кои понатаму ќе служат како база за нови научно-истражувачки и образовни проектни апликации.

## Акциски план на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје

### Научно истражувачка работа

Како основен постулат на Институтот за општествени и хуманистички науки- Скопје што се однесува до научно истражувачката работа не е само да придонесе за подобро разбирање на македонското, европското и глобалното општество туку и на истражувачките полиња во кои што е активен. Нашата долгорочна цел поставува

траекторија на програмскиот развој во однос на истражувањето на две рамништа: (а) да произведе убедлива интерпретација на општеството (во неговата културно-политичка и родова комплексност), засновани на цврста аргументација, емпириски убедливо потврдена, врз чија што основа (б) креирање на решенија во смисла на предлог-политики и препораки за политики чија цел е овозможување и унапредување на институционални и културни трансформации во насока на инклузивно општество, засновано на социјална правда. Предизвикот да се толкуваат конкретните општествени реалности и да се пронаоѓаат веродостојни и изводливи решенија во смисла на политики (policy solutions) во соодност со дадената реалност е дополнителен предизвик за тестирање на теориската издржаност во делот на фундаменталните истражувања како и концептуалните апарати употребувани при општествените и хуманистичките фундаментални истражувања. Со други зборови, применетите истражувања имаат засебна цел на концептуална иновација служејќи како провокација за проверка на апстрактните идеи во фундаменталните истражувања кои имаат статус на силен авторитет во академијата. Со други зборови, праксата претставува предизвик на академската самодоволност, или применетите студии може да служат како провокација за иновации во фундаменталните истражувања (како и обратно).

За да се постигне оваа цел, Институтот вложува непрекинато во својата научно-истражувачка дејност, со тоа што континуирано врши самоевалуација на тековните истражувачки проекти, публикации, инфраструктура и соработки. Имено, алатките за обезбедување квалитет во истражувањето се:

- Интерно рецензирање (internal peer review, single and double)
- External peer review (колеги надвор од институцијата и особено од странство доколку студијата е на англиски)

Досега, Институтот обезбедуваше ставки во поединечни проекти за овие алатки на обезбедување квалитет. Во иднина, настојувањето е да се обезбеди листа на можни рецензенти на тековни проекти и би обезбедиле core grant во скромен износ но само со оваа намена.

Клучно за унапредувањето на квалитетот на сеопштата научно-истражувачка активност е континуираното вложување во развој на научно-истражувачкиот тим преку учества во големи мултидисциплинарни истражувачки полиси проекти со свои истакнати колеги од земјата и светот. На ова, во периодот до 2026 особено ќе се работи преку постоечките меѓународни мрежи во кои институтот членува.

За таа цел, Институтот континуирано ги следи современите трендови во изготвување на студии на политики базирани на податоци, а во поглед на фундаменталните науки смелата иновативност останува централна заложба заедно со димензијата на интернационалност. За да се задржи нивото на квалитет при истражувањето, Институтот континуирано ќе вложува во најсовремените дигитални алатки за истражување со тоа дозволувајќи на научно-истражувачкиот кадар да биде во чекор со своите колеги од регионот и светот – програмирање на дигитални работилници со димензија на мобилна апликација која нуди и можност за размена на податоци и литература, е пракса која се воспостави во 2022 со проектот Авении на соработката и Демократски институции, а до 2026 треба да се усоврши со примена и во рамки на други проекти, и неизоставно во ЕИДЕ проектот.

Институтот континуирано го охрабрува научно-истражувачкиот кадар своите научни трудови да ги објавува на релевантни научно-истражувачки бази на податоци како и да објавува во реномирани домашни, регионални и светски журнали. Со тоа се подига генералната видливост не само на кадарот туку и на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. За таа цел Институтот е издавач на журналот „Идентитети“ списание за политика, род и култура. Списанието за политика, род и култура „Идентитети“ е меѓународно списание со отворен пристап, што е двојно рецензирано списание кое овозможува платформа за меѓународна дебата со автори од „интелектуалните центри“ и „интелектуалните маргини“ на светот. Резултатите се промоција на теоретски истражувања кои ги гледаат политиката, родот и културата како нераскинливо меѓусебно поврзани. Основано е во 2001 година и е индексирано во ERIH PLUS и Feminist Periodicals: A Current Listing of Contents. Исто така, „Идентитети“ е член на Central and Eastern European Online Library (CEEOL) и на Directory of open access journals (DOAJ). ISSN на списанието е ISSN 1857-8616. Списанието е годишно, со тоа што некои години се издаваат по два броја годишно.

Во клучно подрачје Научно истражувачка работа водејќи се од програмата за развој на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје ги определуваме следните клучни цели:

- Унапредување на научно-истражувачката дејност како во фундаменталните така и применетите науки, и точките на заемно пронижување на двете.
- Зголемување на научно-истражувачката продуктивност и квалитет, по пат на практикување на горенаведените алатки на обезбедување квалитет.
- Зголемување на видливоста на научно-истражувачката дејност на Институтот како за пошироката јавност, преку дигиталните платформи и подкасти со кои

спроведува популаризација на науката, но и понатамошен фокус на сопствената интернационализација, како колектив на поединци со соодветни звања но и како институција промовирајќи ја на тој начин македонската академска заедница и култура.

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026

(ажуриран во декември 2024)

**Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје**

| Цел | | Активности и задачи | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 1. Научно истражувачка работа | | | | |
| 1.1. | Унапредување на научно-истражувачката работа | Креирање на постојано тело кое би имало за цел проучување на постоечките истражувачки капацитети и идентификување на научно-истражувачки области кои треба да се засилат преку анализа на претходни исходи од истражувањата и публикациите на ИОХН-С. Ова тело би се состоело од двајца постојани истражувачи на Институтот и надворешен член, кој би се одбрал од страна на нашите алумни, а кој има долгогодишно искуство во областа на јавните политики. | Тимот на истражувачи на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје<br><br>Надворешен член (од списокот на Алумни на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје) | 2023 – март избор на постојаното тело.<br><br>Телото ќе се состанува четири пати годишно низ целиот период на реализација на Акцискиот план 2023-2026 година |
| | | Обезбедување на финансиски ресурси преку идентификување и аплицирање за научно-истражувачки грантови и фондови. Креирање партнерства со приватниот сектор за финансирање на истражувањата. Организирање на fundraising активности и кампањи. | Двајца истражувачи од постојаниот тим на ИОХН, Скопје под раководство на проф. д-р Катерина Колозова | Еднаш месечно надополнување на креираната листа на потенцијални фондови за аплицирање. Аплицирање на минимум пет повика годишно, во времетраење на целиот период на траење на Акцискиот план 2023-2026 година |
| | | Продолжување и унапредување на Меѓународната COST | Тим на истражувачи под | Најмалку еднаш годишно (зависно од грант шемата) во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | мрежа. Во 2023 година, мобилизиравме врвни светски имиња од Европа и САД за COST апликација под наше водство. Ова е знак дека овој смел теориски експеримент има подлога, а Институтот може да одлучи доколку не ја добие COST поддршката да продолжи да ја развива оваа мрежа. Ова би се остварило преку аплицирање на уште (најмалку) една COST апликација како и аплицирање на Horizon Europe шемата. | раководство на проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р Викторија Боровска. | времетраење на целиот период на траење на Акцискиот план 2023-2026 година |
| | Засилување на постоечкиот систем за оценка и мониторинг, преку следење на исходите од истражувањата и нивното влијание. Ова ќе вклучува и периодична евалуација на ефикасноста на истражувачките активности од страна на независни меѓународни експерти (од редовите на нашите меѓународни стратешки партнери) со тоа овозможувајќи корекција на активностите врз основа на резултатите од мониторингот. | Независни експерти од редовите на нашите меѓународни стратешки партнери. Одговорно лице за координацијата од страна на ИОХН: Скопје, проф. д-р Калина Лечевска | Два пати во годината, консулатации за главните наоди и препораки од мониторингот помеѓу меѓународните експерти и истражувачкиот тим на ИОХН, Скопје. Низ целиот период на траење на Акцискиот план 2023-2026 година |
| | Да се зголемат напорите за смели и оригинални | Тимот на истражувачи на ИОХН, | Во времетраење на целосниот период на овој Акциски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | фундаментални и применети истражувања, особено во правец на длабоката интеграција со егзактните и природните науки. Да се организира постојана активност на интернет (онлајн симпозиуми и семинари), но и во живо како летни школи. Да се воспостави можноста летните школи да се организираат во соработка со CPT-Arizona State University, Бергруен Институтот Европа (Венеција), како и со кадровски и содржински придонес од Голдсмитс Универзитетот. | Скопје, одговорни за координирањe проф. д-р. Катерина Колозова и проф. д-р Магдолна Колар Панов | план (2023-2026 година) |
| 1.2. | Зголемување на научно-истражувачката продуктивност и квалитет | Организирање на обука за развој на истражувачки капацитети преку организирање и учество на семинари, обуки и работилници за истражувачи, кои ќе бидат водени од еминентни полиси експерти од регионот и пошироко. Воведување на механизам на следење на новите истражувачки методи и технологии. | Одговорни лица за координација и комуникација: проф. д-р. Викторија Боровска и м-р Ристо Алексовски | Продолжување на практиката од 2023 година; Воспоставување на систем за следење и календар на достапни меѓународни обуки/семинари, симпозиуми и сл. Организирање и реализација на минимум две задолжителни работилници на годишно ниво низ целиот период на времетраење на Акцискиот план (2023-2026 година) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Вклучување на научно-истражувачкиот тим на ИОХН, Скопје во големи мултидисциплинарни истражувачки полиси проекти со нивни истакнати колеги од земјата и светот | Истражувачки от тим на ИОХН, Скопје под раководство на проф. д-р. Катерина Колозова | Низ целиот период на времетраење на Акцискиот план (2023-2026 година) |
| | Да се обезбеди листа на можни рецензенти на тековни проекти и да се обезбеди core grant во скромен износ за оваа намена | Одговорни лица: проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р Тихомир Топузовски | Краен рок за реализација октомври 2025 година |
| | Мониторинг на медиумите од аспект на род и култура. Институтот уште од 2012 на покана на АВМУ, а подоцна и како дел од ИПА проект спроведуваше вакви истражувања, додека во наредниот период треба да се фокусира и на мониторинг на медиумите на регионално ниво, првенствено на темата ЕУ интеграции за што е потребно да се воспостави соработка со Институтот за стратешки дијалог (Лондон/Берлин) и Жак Делор (Париз-Берлин). | Раководител на истражувањата: проф.д-р Катерина Колозова, проф. д-р Здравко Савески. Асистент истражувач: м-р Ристо Алексовски | Да се реализира во периодот 2024 – 2025 година |
| | Организирање на обука на научните кадри на ИОХН, Скопје за програмирање во Python јазикот,како и STEAM и LIVE што ќе овозможи доволно | Задачата се возложува на м-р Ристо Алексовски како административен директор | мај – јули 2025 за потпишување на билатералниот договор, со што на почетокот од ноември 2025 би започнал првиот од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ниво на формализирана комуникација и продлабочување на SSH (social sciences and humanities) и STEM науките.. | на ИОХН, Скопје во воспостоставување на соработка помеѓу Институтот и ФИНКИ со потпишување на билатерален договор за соработка помеѓу двете институции во размена на знаење во соодветните области. | четирите тримесечни интензивни курсеви. Фреквенцијата може да се зголемува во зависност од надворешните фактори. Првичниот договор ќе го опфаќа периодот 2025-2028 година. |
| | | Инвестиции во ресурси и опрема, со обезбедени средства преку грантови, но и од сопствени средства. Следење на пазарот за новите софтвери за обработка на податоци како и набавување на истите. За користење на овие софтвери Институтот ќе организира обуки за користење. Со ова би им се помогнало на истражувачите во нивната работа. Обезбедување на дополнителна техничка опрема како и амортизација на веќе постоечката. | Задолжен за координација м-р Ристо Алексовски | Преку целиот период на реализација на Акцискиот план 2023-2026 година |
| 1.3. | Зголемување на видливоста на научно-истражувачкат | Зголемување на дигиталното присуство, преку стимулирање на истражувачите на | Одделот за односи со јавноста на ИОХН-Скопје | Преку целиот период на реализација на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| а дејност на Институтот | редовна база да ги објавуваат своите трудови на web страната на Институтот и преку социјалните профили на ИОХН-Скопје (Facebook, X (Twitter), Linkdin, Academia.edu). Другиот сегмент е редовно информирање на медиумите за новите истражувања и резултати како и постигнувањата на институтот. | под раководство на м-р Ристо Алексовски | Акцискиот план 2023-2026 година |
| | Развивање и пуштање во јавноста на меѓународна дигитална алатка за размена истражувања и добри практики помеѓу истражувачите од регионот и пошироко. | Одговорен за техничката реализација м-р Ристо Алексовски под раководство на проф. д-р Калина Лечевска | Краен рок за реализација ноември 2024 година |
| | Присуство на научните портали и бази преку објавување на трудови во реномирани меѓународни научни списанија. Објава на истражувањата на платформи како Google Scholar, ResearchGate, ORCID, CEEOL и сл.. Објавување на трудовите на платформи со отворен пристап со што ќе ги направи подостапни и видливи за пошироката заедница. | Одговорно лице за комуникација и кординација: проф. д-р. Викторија Боровска | Преку целиот период на реализација на Акцискиот план 2023 – 2026 година |
| | Организација на научни конференции, | Истражувачки от и академскиот | Преку целиот период на реализација на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | семинари, работилници и сл. Зголемувањето на учеството на нашите истражувачи на научни конференции, семинари, научни панели и сл. како претставници на Институтот. Стимулирање на нашиот научно-истражувачки кадар да ги објавуваат своите трудови во списанието Идентитети, списание за политика, род и култура кое го издава Институтот. | кадар на ИОХН-Скопје во соработка со своите меѓународни партнери | Акцискиот план 2023 – 2026 година |
| **2. Високообразовна дејност** | | | |
| 2.1. Унапредување на квалитетот на наставата | Анализа на тековните наставни програми и методи и идентификација на клучните проблеми и предизвици. | Комисија составена од тројца членови на наставниот кадар на ИОХН, Скопје и еден надвореш член од редовите на меѓународниот визитинг кадар на Институтот задолжен за оценката на извештајот | Еднаш годишно во тек на целосното времетраење на Акцискиот план 2023-2026 година |
| | Ревидирање на наставните програми за нивна усогласеност со современите трендови и пазарот на труд и | Наставно-научниот совет на ИОХН, Скопје | Еднаш годишно, во текот на времетраењето на Акцискиот план 2023-2026 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | вклучување на современи интердисциплинарни и практични компоненти во курикулумите. | | |
| | | Организирање обуки за наставниот кадар за употреба на интерактивни и дигитални методи на настава и воведување нови технологии во наставата (платформи за е-учење, виртуелни лаборатории и сл.). | Наставно-научниот совет на ИОХН, Скопје. Одговорен за воведувањето на нови технологии: м-р Ристо Алексовски | Во тек на целосното времетраење на Акцискиот план 2023-2026 година |
| | | Поттикнување на студентската вклученост преку организирање работилници, семинари и предавања со домашни и меѓународни експерти. | Претставник на сегашните студенти на ИОХН, Скопје, претставник од листата на алумни на Институтот. Одговорни лица за реализација и комуникација: проф. д-р. Викторија Боровска и проф. д-р. Здравко Савески | Организирање по најмалку 3 работилници на годишно ниво. Најмалку 3 предавања со домашни и меѓународни експерти. Најмалку 2 семинари во текот на годината во времетраење на на Акцискиот план 2023-2026 година |
| 2.2. | Подобрување на условите за студирање | Изработка на преглед на тековната состојба на просторните, технолошките и административните капацитети и изработка на приоритетна листа за подобрување. | Академски координатор и административен тим | Спроведено во ссептември 2023 година, а- да се реализираат препораките до декември 2025 година |
| | | Зголемување на дигиталната библиотека, како и | Одговорен за координација и | Воцелосното времетраење на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | зголемување на пристапот до релевантни научни бази на податоци (JSTOR, ScienceDirect и сл.).<br>Создавање централен портал за споделување наставни материјали како и поттикнување на употреба на дигитални алатки за интерактивна и хибридна настава. | реализација:м-р Ристо Алексовски | Акцискиот план 2023-2026 година |
| | | Поедноставување на административните процедури преку дигитализација и подобрување на квалитетот на Help Desk системот за брзо одговарање на барањата | Административниот тим на ИОХН, Скопје | Во период на целосното времетраење на Акцискиот план 2023-2026 година |
| 2.3. | Дигитална трансформација | Организирање на работилници и тренинзи за користење на дигитални платформи и создавање на онлајн заедници за студенти и професори на која студентите ќе имаат достап до интерни on line форуми за комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите /сегашни и поранешни/, пристап до ресурсна датотека со интерактивни материјали и аудио визуелни матријали. | Задолжен за комуникација и координација: м-р Ристо Алековски | Краен рок за имплементација на платформата ноември 2025 година |
| | | Комплетна дигитализација/автоматизација на административни | Административниот тим на ИОХН, Скопје под | Краен рок за комплетна имплементација: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | процеси (апликации, уписи, евиденција). Во согласност со зелената агенда на Европската унија и континуираната заложба на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје за намалување на carbon footprint. Преку имплементирање на дигитални сертификати за административниот наставно-научниот кадар. | раководство на проф. д-р Викторија Боровска, одговорна за постдипломск ите студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. | октомври 2025 година. |
| | Зголемување на интерсекторската соработка помеѓу Институтот за општествени и хуманистички науки и приватниот сектор преку заеднички истражувачки иницијативи со директна вклученост на студентите. Преку имплементација на овие соработки со приватниот сектор, ќе се овозможи и долгогодишната заложба на Инстититот во комбинирањето на применетите општествени науки со STEM науките. Воедно,би им се овозможило на студентите тестирање на определените полиси решенија во приватниот сектор. | Наставно-научниот кадар на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје под раководство на: проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р Гордан Георгиев. | Изнаоѓање на минимум три партнери од приватниот сектор со кои ќе се потпишат тригодишни договори за соработка и размена. Краен рок за имплементација:декември 2026 година |

| 3. Интернационализација и меѓународно вмрежување | | | |
|---|---|---|---|
| 3.1. Зголемување на учеството на научно истражувачки от кадар во меѓународни истражувачки проекти и иницијативи | Зголемување на напорите за смели, оригинални, фундаментални и применети истражувања, особено во правец на длабоката интеграција со егзактните и природните науки преку учество во меѓународни истражувачки проекти, користејќи ги веќе постоечките интернационални истражувачки мрежи во кој Институтот за општествени и хуманистички науки веќе членува, како и изнаоѓање и аплицирање за приклучување кон нови сродни конзорциуми. | Акциска група составена од членовите на научно-истражувачкот кадар под раководство на проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р. Тихомир Топузовски | Изготвување на дата база на постојани повици и циркулирање помеѓу истражувачите. Создавање на постојана дата база која ќе биде надградувана минимум четири пати годишно. Краен рок за комплетна интеграција на базата е март 2025 година |
| | Продолжување и унапредување на Меѓународната COST мрежа. Во 2023 мобилизиравме врвни светски имиња од Европа и САД за COST апликација под наше водство. Ова е знак дека овој смел теориски експеримент има подлога, а Институтот може да одлучи доколку не ја добие COST поддршката да продолжи да ја развива оваа мрежа. Ова би се остварило преку | Тим на истражувачи под раководство на проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р Викторија Боровска. | Најмалку еднаш годишно (зависно од грант шемата) во времетраење на целиот период на траење на Акцискиот план 2023-2026 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | аплицирање на уште (најмалку) една COST апликација како и аплицирање на Horizon Europe шемата. | | |
| | | Развивање на веќе постоечките стратешки партнерства во меѓународни научно истражувачки конзорциуми. Стимулирање на научно истражувачкиот кадар за поактивно учество во истите. | ИОХН-Скопје и постоечките меѓународни партнери. Одговорно лице за комуникација и координација е проф. д-р. Калина Лечевска | Преку целиот период на реализација на Акцискиот план 2023 – 2026 година |
| 3.2. | Интернационализација преку вмрежување со универзитети и високообразовни институтции преку користење на Еразмус+шемите за мобилност на академскиот кадар и студентите | Вмрежување по пат на билатерални Еразмус договори со универзитети од Централна Европа (Полска, Унгарија, Словачка), како и спроведување истражувачки проекти во облик на конзорциуми кои понатаму ќе служат како база за нови научно-истражувачки и образовни проектни апликации | Проф. д-р Викторија Боровска, Еразмус кординаторка на ИОХН-Скопје и тим составен од научно-истражувачкиот и академски кадар на ИОХН, Скопје | Во времетраење на Акцискиот план 2023-2026 година. |
| | | Создавање на постојан регионален конзорциум составен од парнери со кој Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје веќе има потпишано билатерални договори како:/Факултетот за медиуми и комуникација (Белград, | Меѓународен конзорциум составен од раководителите на партнерските институции. Истите ќе назначат соодветни кординатори кои ќе бидат задолжени за | Краен рок за воспоставување на конзорциумот е декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Србија), Пантеон универзитетот (Атина, Грција) Пловдискиот универзитет „Паисиј Хилендарски (Пловдив, Бугарија) како и Фондација за хуманитарни и социјални истражувања – Софија (Софија, Бугарија)/ Овој конзорциум да се зголемуваи со барем по една институтција од непосредниот регион (Западен Балкан). Целта на овој постојан конзорциум е да се работи на теми и проблематики кои го засегаат регионот по пат на применети политики и активно промовирање во своите средини. | комуникацијата и координацијата на истражувачката мрежа. | |
| | Издавање на меѓународното списание Идентитети: Списание за политика, род и култура. Ова списание на Институтот ќе се користи за понатамошно промовирање на применетите истражувања не само на истражувачкиот/академскиот кадар на Институтот, туку и на применетите истражувања од земјата и регионот. Тоа ќе се направи преку посебен дел во списанието, посветен | Уредниците на списанието како и уредувачкиот одбор. | Еднаш годишно, електронски, во целосното времетраење на овој Акциски план 2023-2026 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на т.н. grey literature. Списанието за политика, род и култура „Идентитети“ е меѓународно списание со отворен пристап, што е двојно рецензирано списание кое овозможува платформа за меѓународна дебата со автори од и „интелектуалните центри“ и „интелектуалните маргини“ на светот. Резултатите се промоција на теоретски истражувања кои ги гледаат политиката, родот и културата како нераскинливи и меѓусебно поврзани. Основано е во 2001 година и е индексирано во ERIH PLUS и Feminist Periodicals: A Current Listing of Contents. Исто така, „Идентитети“ е член на Central and Eastern European Online Library (CEEOL) и на Directory of open access journals (DOAJ). ISSN на списанието е ISSN 1857-8616. | | |
| 3.3. | Трансфер на технологии | Проценка и изготвување на интерен извештај за достапните технологии кај истражувачите. Потребите за конкретни дигитални алатки или платформи и | Одговорен за изготвување на извештајот и препораките: м-р Ристо Алексовски | Еднаш годишно во јануари за време на имплементацијата на овој Акциски план 2023-2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | области каде што може да се подобри размената на знаење. Целта е да се направи точен увид во моменталната ситуација, како и конкретизација на чекорите за понатамошно постапување | | |
| | Воспоставување на платформа за колаборативна работа (на пр. Microsoft Teams, Slack или Trello). Надградување на пристапот до бази на податоци и софтвери за анализи (пр, NVivo) и други алатки релевантни за истражување. Креирање на дигитален репозиториум за споделување на истражувачки резултати и проекти. | Административниот тим на ИОХН, Скопје во соработка со научно-истражувачкиот кадар Одговорен за комуникација и кординација проф. д-р. Здравко Савески | |
| | Организирање на редовни обуки за користење на новите технологии (на пр. софтвер за обработка на податоци, алатки за визуелизација), како и споделување на добри практики преку интерактивни сесии меѓу истражувачите. Главен акцент ќе се стави на организирање на тематски работилници за напредни дигитални вештини (машинско учење, големи | Преку пронаоѓање и ангажирање на соодветен домашен и меѓународен кадар кој ќе биде ангажиран за одржување на работилниците. Одговорни за организација и спроведување: проф. д-р Тихомир | On-line, два пати годишно низ целиот период на времетраење на Акцискиот план 2023-2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | податоци, вештачка интелигенција). | Топузовски и м-р Ристо Алексовски | |